Во ТС Скопје 4 е извршена замена на дел од високонапонската опрема (прекинувачи, разделувачи и мерни трансформатори) и дел од секундарната опрема што подразбира најмодерна опрема за далечинско управување SCADA и нова генерација нумерички заштитни релеи. Во оваа трафостаница променети се и носачите и фундаментите за 400 kV постројка.

Во ТС Дуброво извршена е комплетна реконструкција на 110 kV постројка (промена на прекинувачи, разделувачи, мерни трансформатори, релејна заштита и управување – SCADA). Започната е реконструкција на 400 kV постројка, новото 110 kV поле за сопствени потреби и ревитализација на 6 kV постројка за сопствени потреби. Истовремено ќе се изврши ревитализација на надворешното осветлување на 400 kV и 110 kV постројки.

Во трансформаторските станици Велес и Кавадарци 1 се предвидува замена на дел од високонапонската опрема и од секундарната опрема и инсталација на опрема за напојување, релејна заштита и управување.

Далекуводите на 110kV напонско ниво во овој регион се изведени со спроводници од тип ACSR 240/40 mm^2(преносен капацитет 123 MVA), со исклучок на 110 kV ДВ-и на релација ТС Скопје 4 – ТС Петровец – ТС Велес – ТС Овче Поле на кои ќе се изврши реконструкција и замена на спроводниците од тип AAAC- Z TW Shape 3x324 mm^2(преносен капацитет 149 MVA).



Слика 4. Еднополна шема на постојна состојба во Централниот Регион

2.2.2 Состојба на краткорочен планирачки хоризонт, Централниот Регион

Во Централниот регион се очекува градба на обновливи извор на енергија (ОИЕ) поради кои е можна реконфигурација на мрежата во блиска иднина, **Слика 5**.

Во овој планирачки хоризонт ќе се спроведат следните реконструкции/ревитализации на електропреносната инфраструктура од значење за Централниот Регион:

- реконструкција на 110 kV ДВ ТС Велес – ТС Овче Поле;
- реконструкција на 110 kV потег ТС Скопје 4 – ТС Петровец – ТС Велес.



Слика 5. Еднополна шема на краткорочен планирачки хоризонт во Централниот Регион

3. ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ФЕЦ ДЕМИР КАПИЈА

Во постапката за приклучување на ФЕЦ Демир Капија на преносната мрежа,спроведена е теренска посета на следните локации:

- локацијата на ФЕЦ Демир Капија;
- потенцијална локација на 110/x kV ТС Демир Капија;
- ТС Дуброво 400/110 kV;

Целта на посетата беше просторно разгледување на постоечката состојба и утврдување на можни варијанти за приклучување на ФЕЦ Демир Капија. При посета ТС Дуброво 400/110 kV утврдено е дека нема слободни далекуводни полиња и нема слободно командно контролен објект (ККО).За таа цел потребно е да се дограде ново далекуводно поле за кое постои градежна резерва кон која радијално може да се приклучи во 400/110 kV ТС Дуброво за кое трошоците за изградба ќе ги сноси самиот инвеститорот.

Согласно условите на терен за приклучување на ФЕЦ Демир Капија на електропреносна мрежа се претпоставува дека приклучувањето ќе се изведе со 110 kV радијален далекувод ACSR 240/40 mm² со приближна должина од 1 km од збирната 110/x kV ТС Демир Капија до постојната 400/110 kV ТС Дуброво.

Приклучокот на преносна мрежа претставува ново 110 kV далекуводно поле во 400/110 kV ТС Дуброво, **Слика 6**.



Слика 6. Приклучување на ФЕЦ Демир Капија на електропреносната мрежа

3.1 Проценети трошоци

Во **Табела 1** се претставени проценети трошоци за изведба на приклучокот и електроенергетска инфраструктура на 110 kV напонско ниво**.** Во проценетите трошоци **не** се вклучени трошоците за изведба на среднонапонската електроенергетска инфраструктура и **не** се вклучени трошоци доколку има потреба од зајакнување на постоечката преносна енергетска инфраструктура.

Табела 1.Проценети трошоци за приклучување на ФЕЦ Демир Капија на преносна мрежа

Трошоци за 110kV опрема			
Елемент	**Единечна цена [€]**	**Количина**	**Цена [€]**
Приклучок			
110 kV ДВ Поле во Дуброво (кон ТС Демир Капија)	350.000	1	350.000
110kV енергетска инфраструктура			
110 kV ДВ Поле во ТС Дуброво 2 (кон ТС Дуброво)	350.000	1	350.000
110 kV ТР Поле во ТС Дуброво 2	350.000	1	350.000
110/X kV Трансформатор во ТС Дуброво 2	900.000	1	900.000
Трошоци за 110kV врска			
Елемент	**Единечна цена [€/km]**	**Приближна должина [km]**	**Цена [€]**
110 kV ДВ Дуброво - Демир Капија	180.000	3,0	540.000
Вкупно:			**2.490.000**

4. ЗАКЛУЧОК

Фотонапонската електрична централа Демир Капија (52MW) за да се приклучи на преносната мрежа потребно е да изгради нова збирна 110/x kV ТС Демир Капија и радијална 110kV врска.

Приклучувањето на ФЕЦ Демир Капија (52MW) на преносната мрежа се претпоставува дека ќе се изведе со 110 kV радијален далекувод ACSR 240/40 mm² со приближна должина од 1 km од збирната 110/x kV ТС Демир Капија до постојната 400/110 kV ТС Дуброво.

Приклучокот на преносна мрежа на ФЕЦ Демир Капија претставува ново 110 kV далекуводно поле во 400/110 kV ТС Дуброво кое ќе се изведе со проширување на постојната 110 kV постројка во 400/110 kV ТС Дуброво при што сите трошоци ги сноси инвеститорот. Инвестицијата во 110 kV енергетска инфраструктура се проценува на околу 2,5 милиони евра.

Со цел да се продолжи постапка за приклучување на електропреносната мрежа потребно е да се изработи **Анализа за приклучување на ФЕЦ Демир Капија на електропреносната мрежа.** Во Анализата ќе се истражи влијанието на ФЕЦ Демир Капија (52MW) на евакуацискиот капацитет на 400/110 kV ТС Дуброво.

5. ЛИТЕРАТУРА

[1] **МИТ СОЛАР ДООЕЛ Скопје**, *Барање за приклучување на нова постројка на преносната мрежа на електропреносниот систем на Северна Македонија (ФЕЦ Демир Капија, 52MW), 16 октомври* 2023.

[2] **Александар Василев**, *е-пошта до* ***Служба за приклучоци***, 18 *октомври* 2023;

[3] **Александар Василев**, *е-пошта до* ***Служба за приклучоци***, 30 *октомври* 2023;

[4] **Александар Василев**, *е-пошта до* ***Служба за приклучоци***, 27 *ноември* 2023;

[5] **Марина Тодоровска**, *е-пошта до* ***Служба за приклучоци***, 27 *ноември* 2023;

[6] **Александар Василев**, *преку архива на АД МЕПСО до* ***Служба за приклучоци***, 29 *ноември* 2023;

[7] **МАНУ**, *Стратегија за развој на енергетиката во Република Северна Македонија до 2040 година*, Скопје, нацрт верзија, МАНУ, октомври 2019.

[8] **АД МЕПСО**, *Мрежни правила за пренос на електрична енергија*, Скопје, АД МЕПСО, 2015.

[9] **Министерство за економија**, *Правилник за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1 kV до 400 kV*, Скопје, 2018.

[10] **Служба за стратешко планирање и развојни анализи,** *План за развој на електропреносниот систем за периодот од 2022-2031*, Скопје, АД МЕПСО

[11] **ФЕИТ,** *Стратегија за реконструкција/ревитализација на преносна мрежа*, ФЕИТ, Скопје, септември 2019

[12] **EIHP,** *Концепти за развој на преносната мрежа во одделни региони за долгорочен период*, МЕПСО, Скопје, април 2017

МИСЛЕЊА

Република Северна Македонија
Агенција за катастар на недвижности

Republika e Maqedonisë së Veriut
Agjencia e kadastrës së paluajtshmërive

ДО: ОПШТИНА НЕГОТИНО

Бр. / Nr. _____
Дата: / Me datë: _____, Скопје / Shkup

Трифун Хаџи Јанев бр.4
/ Trifun Haxhi Janev nr.4
1000 Скопје / Shkup
Тел. / Tel. (02) 3204 801
Факс: / Fax. (02) 3171 668
Е-пошта: / Posta e-: info@katastar.gov.mk
Сајт: / Faqja: www.katastar.gov.mk

ПРЕДМЕТ : Мислење од утврдена состојба

Врска:Број на постапка во Е-Урбанизам за УП(член 58 став 6): **77201**
Ваш бр. 11 – 48/2 од 29.01.2026 год.
Наш бр. 0932 – 179/1 од 30.01.2026 год.

Почитувани,

До Агенцијата за катастар на недвижности, иницирате постапка за мислење за утврдена состојба по извршено споредување на податоците од Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на далновод до 35KV, во КО Тремник, општина Неготино, КО Пржедво, КО Бистренци, општина Демир Капија дел 3: од КП 303 до КП 2050/1 во КО Тремник, општина Неготино со површина од 0.51ha, изработен од „АТРИУМ СТУДИО“ ДОО - ШТИП со тех.бр. У – 39/25 од декември 2025 година, со податоците од катастарскиот план, врз основа на член 47 став 8 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20 ,111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 101/25 и 127/2025).

Агенцијата за катастар на недвижности по извршениот увид на доставената документација го констатира следното:

Од доставената документација и извршеното споредување на податоците и Електронскиот запис со кој се потврдува дека Урбанистичкиот проект го исполнува квалитетот од тематски и тополошки аспект Агенцијата за катастар на недвижности ве известува дека се исполнети условите за издавање на позитивно мислење за утврдена состојба за извршено споредување на податоците Урбанистички проект со податоците од катастарските планови.

Прилог: Извештај од утврдена состојба по извршено споредување.

Со почит,

Изработил: д.и.а Илир Сламник, помлад соработник.
Контролирал/Одобрил: м-р Билјана Ајтарска, раководител на одделение.

Директор

Иван Живковски

Место за Дигитални потписи

Изработил	Контролирал	Одобрил	Согласен	Директор
Iljir Slamnik 02.02.2026 13:59 CET	Biljana Ajtarska 02.02.2026 14:45 CET			Ivan Zhivkovski 06.02.2026 08:47 CET

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
КО ТРЕМНИК

Извештај од утврдена состојба по извршено споредување

Реден број	ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛИТЕ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ					ПОДАТОЦИ ЗА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА												
	Презиме, татково име и име (за граѓански лица)	Место на живеење	Улица	Куќен број	Катастарска општина	Број на имотен лист	Број на парцела		Катастарска			Површина			Број на градежна парцела	Технички број	Забелешка	Товар
							Основен	Дел	Култура		Класа	x	a	м2				
1	РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА				18026	482	1	0	зз	н	3			**0**	5179.93	У-39/25		П
														96163.4				
2	Р.М.ВОДИ	БИСТРЕНЦИ			18003	116	1254	0		РЕКА	0			**0**	5179.93			
														130038.1				
3	РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА				18026	174	1775	5	в	по	0			**0**	5179.93			
														180022.3				
4	РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА	ТРЕМНИК			18029	93	2050	1		р	0			**1986.61**	5179.93			
														67459.84				
5	РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА				18029	88	300	0		НИВА	3			**1328.09**	5179.93			
														3428.19				
6	СТАНОЈКОВИЌ ЗОРАН	ТРЕМНИК			18029	80	301	1		НИВА	3			**1509.92**	5179.93			
														209.09				
7	СТАНОЈКОВИЌ ЈОЦО	ТРЕМНИК			18029	201	301	2	зз	н	3			**114.46**	5179.93			
														1912.1				
8	СТАНОЈКОВИЌ ЗОРАН	ТРЕМНИК			18029	80	301	3		КАМЕЊАР	0			**62.22**	5179.93			
														219.66				
9	РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА				18029	92	303	0	пнз	дпнз	0			**178.63**	5179.93			
														4167.29				
													Меѓузбир:	5179.93				
										ВКУПНО				**5179.93**				

Датум на генерирање на извештајот:
02-02-2026

Изработил:
Агенција за Катастар на Недвижности

Друштво за комуникациски услуги
А1 Македонија ДООЕЛ Скопје
Бр. 11-42711
30 -01- 2026
Скопје

До: ОПШТИНА НЕГОТИНО
Ацо Аџи Илов,бр.2
1440 Неготино

Скопје, 30.01.2026 год.

Предмет: Мислење
Ваш број: 11- 48/2 од 29.01.2026

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за доставување на мислења од општини/институции поднесено преку системот Е-Урбанизам со број на постапка 77201 креирано на 29.01.2026 година и наслов 'УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ДАЛНОВОД ДО 35KV, ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО,КО ПРЖДЕВО, КО БИСТРЕНЦИ, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ДЕЛ 3: ОД КП 303 ДО КП 2050/1 ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО СО ПОВРШИНА ОД 0.51НА (со нов опфат)' доставено до А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Ве известуваме дека издаваме **позитивно мислење**.

Напомена: Доколку има потреба од дислокација на постојната телекомуникациска инфраструктура, планерот е должен да постави новопланирана траса во рамките на експропријационата линија во консултација со сопственикот на постоечката инфраструктура - А1 Македонија ДООЕЛ Скопје. Трошоците за дислокација на постојната телекомуникациска инфраструктура ги сноси инвеститорот на проектот.

Лице за контакт:
Симона Рафајловска тел. 077/772-972

Срдечен поздрав,

За А1 Македонија ДООЕЛ Скопје,
Симона Рафајловска
Специјалист за дизајн и планирање на мрежа

Друштво за комуникациски услуги
А1 Македонија ДООЕЛ Скопје
39

ДО: **Општина НЕГОТИНО**

Бр. 09-8/067

Скопје, 30.01.2026г.

ПРЕДМЕТ: Мислење

ВРСКА: Ваш бр.11- 48/2 од 29.01. 2025 година
e-urbanizam, постапка бр. 77201

Почитувани,

Во врска со доставеното барање од Ваша страна, Ве известуваме дека стручните служби на Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа доставената техничка документација:

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ДАЛНОВОД ДО 35KV, ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО,КО ПРЖДЕВО, КО БИСТРЕНЦИ, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ДЕЛ 3: ОД КП 303 ДО КП 2050/1 ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО СО ПОВРШИНА ОД 0.51НА (со нов опфат)

изработен од СТУДИО АТРИУМ - ДОО Штип со тех.бр.У-39/25 од 12/2025 година,

при што констатирано е дека предметниот опфат се наоѓа вон зона на било кој аеродром, леталиште или воздухопловен уред, а планираниот 35KV далновод не претставува препрека во воздухопловството и нема да влијае врз безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај.

Заклучок: Врз основа на претходното издаваме ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Мислењето се издава врз основа на *член 47 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20)*

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

Билјана Јованова
Советник на директорот за безбедност и сигурност на аеродроми и навигација
(по овластување од Директорот бр.02-452/2 од 29.10.2025 година)

Biljana Jovanova
Digitally signed by Biljana Jovanova
Date: 2026.01.30 11:07:26 +01'00'

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 (2) 3 114 046 т.: + 389 (2) 3 181 601
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

АД Водостопанство на РСМ - Скопје
SHA Ekonomia e Ujërave të RMV-Shkup

ул. 3 - та Македонска бригада 1 бр.10 а Скопје тел. 02/5116-401;02/5116-402
rr. Brigada e 3- të Maqedonase 1 nr. 10 a Shkup tel. 02/5116-401; 02/5116-402
jpvodostopanstvo@yahoo.com / advodostopanstvo_rm@hotmail.com

До: ОПШТИНА НЕГОТИНО (ул. Ацо Аџи Илов бр.2, Неготино)

Предмет: Одговор на барање
Врска: Наш Арх. бр. 11-340 од 30.01.2026

Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост
Shoqëria Aksionare Ekonomia e Ujërave e Republikës së Maqedonisë së Veriut në pronësi shtetërore
Бр.-Nr. 11-340/2
13.02 2026 год./viti
Ckonje/Shkup

ОДГОВОР НА БАРАЊЕ

Почитувани,
Во врска со Барањето за мислење бр.11-48/2 од 29.01.2025 од Општина Неготино за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на далновод до 35kv, во КО тремник, Општина Неготино,КО Прждево, КО Бистренци, Општина Демир Капија дел 3: од КП 303 до КП 2050/1 во КО тремник, Општина Неготино со површина од 0.51ha (со нов опфат)

Ве известуваме:
АД "Водостопанство на РСМ во државна сопственост"-Скопје нема забелешки на доставената планска документација.

Со почит,

Изработил: Дениз Јонуз

Контролирал: Слободан Дојчинов

Одобрил:
Технички Директор: Љубе Димов Љ. Димов

АД "Водостопанство на РСМ - Скопје
Главен извршен директор
Филип Филиповски

Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост * Shoqëria Aksionare Ekonomia e Ujërave e Republikës së Maqedonisë së Veriut në pronësi shtetërore * Shkup

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-55/5-44 од 16.02.2026
Скопје

Одговорно лице: Цветомир Јованоски
Контакт телефон: 072/ 932-596

Предмет: Издавање на мислење за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис – Барање за мислење за **Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за изградба на далновод до 35KV, во КО Тремник, Општина Неготино, КО Прждево, КО Бистренци, Општина Демир Капија ДЕЛ 3: од КП 303 до КП 2050/1 во КО Тремник, Општина Неготино,** Ве известуваме дека **немаме** забелешки за постојните и новопланираните електроенергетски објекти и инфраструктура и Ви даваме **ПОЗИТИВНО** мислење.

При изработка на ДУП, УПС и слична планска документација, а согласно пресметките за потребната едновремена моќност на планираните објекти, според вид, намена и слично, потребно е да се предвидат нови маркици за трафостаници со определена, дефинирана градежна парцела, како и да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа. Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Услов е кај сите вкрстувања и приближувања до електроенергетски објекти и инфраструктура, да се запазуваат законските прописи и работни норми.

Задолжително да се почитуваат заштитните појаси на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

При реализација на градбата задолжително да се обезбеди присуство на претставници на ЕВН за да се избегне било какво оштетување на постоечките среднонапонски кабли.

Доколку во опфатот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура, потребно е да се предвиди локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата и инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација. Еден од условите за позитивно мислење за одобрение за градење е претходно реализирана дислокација и/или промена предвидена во постапката за е-урбанизам (услови издадени од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје)

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Jovanoski Cvetomir

Digitally signed by Jovanoski Cvetomir
Date: 2026.02.16 12:57:27 +01'00'

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија-Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut-Shkup
Бр /Nr 20 – 360/2
16 -02- 2026 год /vit
СКОПЈЕ SHKUP

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија - Скопје

До
ОПШТИНА НЕГОТИНО
Ацо Аџи Илов, бр. 2
1440 Неготино

Предмет: Одговор на барање

Во врска со Вашиот допис со број 11-48/2 од ден 29.01.2026 година и број на постапка: 77201 од Е-урбанизам со кој барате мислење, а кое Ви е потребно за изработениот „УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ДАЛНОВОД ДО 35KV, ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО,КО ПРЖДЕВО, КО БИСТРЕНЦИ, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ДЕЛ 3: ОД КП 303 ДО КП 2050/1 ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО СО ПОВРШИНА ОД 0.51НА" (со нов опфат), Ве известуваме:

По разгледување на Вашето барање и доставената документација, ЈП ЖРСМ Инфраструктура – Скопје нема забелешки.

Со почит,

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore Република Северна Македонија Republika e Maqedonisë së Veriut Скопје Shkup

Помошник директор за пруги
Ивана Бикоска

Изработил: Бојана Тасевска
Проверил: Ненад Велковски
Согласен: м-р Марјан Арсовски

СЕКТОР ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ И ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

27.01. 2026

АРХИВСКИ БРОЈ: 40-523 / 3

ДО: **Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн СТУДИО АТРИУМ - ДОО Штип**

ПРЕДМЕТ: Известување

Почитувани,

Во врска со вашето Барање на податоци и информации согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20), за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ДАЛНОВОД ДО 35КV, ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО,КО ПРЖДЕВО, КО БИСТРЕНЦИ, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ДЕЛ 3: ОД КП 303 ДО КП 2050/1 ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО со површина од 0.51ha, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ве известува со следното:

Согласно доставената документација и увидот во истата констатирано е дека:

- **Предметното земјиште на КПбр.300 и КПбр.303 за КО ТРЕМНИК,катастарска култура нива и камењар катастарска класа 0 и 3 е во сопственост на Република Северна Македонија,Согласно дописот од ПЕ НЕГОТИНО, Арх.бр.59-46/2 од 26.01.2026 година, истите не се предмет на закуп.**
- Предметното земјиште на КПбр. 301/1, КПбр. 301/2 и КПбр. 301/3 за КО ТРЕМНИК катастарска култура нива, и камењар, катастарска класа 0 и 3 е во приватна сопственост.

Одговорен раководител на сектор
Розе Димовска

Изработил: Стеван Каљевиќ

Контролирал: Адријана Илиќ

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКС СЕРТИФИКАТ
МКС ЕН ИСО 9001:2015



Бр/Nr. 10-1395/2

12 -02- 2026
Скопје/Shkup_____година/viti

ДО Општина Неготино
ул. Ацо Аџи Илов бр. 2
1440 Неготино

Предмет:известување

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање број 11-48/2 од 29.01.2026 год. со број на постапка во системот е-урбанизам 77201 за добивање мислење за **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ДАЛНОВОД ДО 35KV, ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО,КО ПРЖДЕВО, КО БИСТРЕНЦИ, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ДЕЛ 3: ОД КП 303 ДО КП 2050/1 ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО СО ПОВРШИНА ОД 0.51НА (со нов опфат)**, Ве известуваме:

Јавното претпријатие за државни патишта, го разгледа пристигнатиот прилог, заверен со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-1395/1 од 05.02.2026 година:

- Комплет Урбанистички проект

Од доставениот и разгледан прилог констатирано е на дека по однос на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ДАЛНОВОД ДО 35KV, ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО,КО ПРЖДЕВО, КО БИСТРЕНЦИ, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ДЕЛ 3: ОД КП 303 ДО КП 2050/1 ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО СО ПОВРШИНА ОД 0.51НА (со нов опфат)**, Јавното претпријатие за државни патишта нема забелешки бидејќи предметниот проектен опфати не граничи и не се поврзува со со државен пат кој е во надлежност на Јавното претпријатие за државни патишта.

Со почит,

В.Д. Директор
Коце Трајановски

Изработил: М.Стоилевска
М.Адеми
Контролирал: К.Каркалашев
Одобрил: З.Велков

МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

Оператор на електроенергетскиот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос и управување
со електроенергетскиот систем, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim
me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup

Бр.-Nr. 10-580/1
05.02 2026 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До
Општина Неготино
ул.Ацо Аци Илов бр.2
1440 Неготино

Ваш број: 11-48/2 од 29.01.2026 год.
Наш број: 10-580 од 30.01.2026 год.

ПРЕДМЕТ: Одговор

Почитувани,

Во врска со вашето барање за мислење за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на далновод до 35KV , во КО Тремник , Општина Неготино , КО Прждево, КО Бистренци, Општина Демир Капија дел 3: КП 303 до КП 2050/1 во КО Тремник, Општина Неготино со површина од 051ha, поднесено преку системот на Е-урбанизам со број на постапка 77201 , а врз основа на наш допис со бр.11-2844/1 од 17.04.2024 год. , Ве известуваме дека АД МЕПСО дава позитивно мислење со констатација дека на предметниот плански опфат нема во сопственост постоечка линиска инфраструктура.

- Веќе потврдено со наш допис со бр.11-2844/1 од 17.04.2024 год

Со почит,

Изработил:
Горанчо Манчев
Одобрил:
Раководител на Оддел ДВ
Арди Хамза

Директор на подружница ОПМ
Васе Јовевски

Ко:
- Подружница ОПМ
- Оддел ДВ
- Одделение за припрема на ДВ
- Архива

Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост

ул. Булевар Осми Септември бр.54, Скопје,
поштенски фах: 583
Тел. 02 6090 137, 02 3117 555
e-mail: contact@nomagas.com.mk
www.nomagas.com.mk
ЕМБС: 7649401

Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост
Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarisë së energjisë
përçimi i gazit natyror NOMAGAS Shkup në pronësi shtetërore

Бр.-Nr. 08-5551/2
02.02 20 20 год. viti.
Скопје-Shkup

До: **Општина НЕГОТИНО**

Предмет: **Одговор на барање**

Врска**: Барање мислење,** ваш бр. 11-48/2 од 29.01.2026 година

Согласно вашето Барање мислење, ваш бр. 11-48/2 од 29.01.2026 година, за УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ДАЛНОВОД ДО 35KV, ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО,КО ПРЖДЕВО, КО БИСТРЕНЦИ, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ДЕЛ 3: ОД КП 303 ДО КП 2050/1 ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО СО ПОВРШИНА ОД 0.51НА (со нов опфат).

НОМАГАС АД Скопје ве известува дека дава **позитивно** мислење.

Со почит,

Изготвил:
АнитаТевдовска дипл.инж.арх.

Постапка:
77201

По овластување на директорот,
Заменик раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем
Сашо Јовчески

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр. 77201

Датум: 29.01.2026

До
Општина Неготино

Предмет: Доставување на мислење

Согласно Вашето Барање за Мислење добиено преку информацискиот систем е-урбанизам за УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ДАЛНОВОД ДО 35KV, ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО,КО ПРЖДЕВО, КО БИСТРЕНЦИ, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ДЕЛ 3: ОД КП 303 ДО КП 2050/1 ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО СО ПОВРШИНА ОД 0.51НА (со нов опфат), Ви доставуваме ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ.

Лице за контакт: Марија Николовска, тел. 070/201-058.

Со почит,
Македонски Телеком АД Скопје
DEVOPS активности на оптика
и мрежи од следна генерација
По овластување на
Дејан Влаховиќ

Elizabeta Maneva
Digitally signed by Elizabeta Maneva
Date: 2026.02.02 09:12:50 +01'00'

Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам
Управа за заштита на културното наследство

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit
Drejtoria për mbrojtjen e Trashëgimisë kulturore

Бр. 17-583/2
13-02-2026 година
Скопје

ДО
ОПШТИНА НЕГОТИНО
ул.Ацо Аџи Илов 2
1440 Неготино

Предмет: Мислење
Врска: Ваше барање бр. 11-49/2 од 29.01.2026 година.

Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура и туризам, го разгледа вашето барање за мислење за постоење на културно наследство за изработка на **урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на далновод до 35KV, во КО Тремник, општина Неготино, КО Пржде во, КО Бистренци, општина Демир Капија, ДЕЛ 3: од КП 303 до КП 2050/1 во КО Тремник, општина Неготино**, со тех.бр. У-39/25 од декември, 2025 год. изработен од Студио Атриум ДОО.

Врз основа на доставената документација и во согласност со доставените податоци, Управата за заштита на културното наследство констатира дека потребните податоци од аспект на заштита на културното наследство во врска со член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 20/19) се вградени во планот.

Меѓутоа, во планската документација се внесени податоци издадени од Управата за заштита на културното наследство под бр. 17-1671/2 од 10.05.2024 година, кои се однесуваат за изработка на *урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 33kV далновод, од локација на ТС110/35kV на КП 414, КП 415, КО Пржде во до локација на ТС во ФЕЦ Бистренци, во КО Пржде во, КО Бистренци, КО Тремник, општина Демир Капија*. Дополнително, во планската документација е вметнат и Извештајот за стручно мислење од надлежната установа НУ Национален Конзерваторски центар – Скопје под број 08-233/3 од 18.06.2024 година со кој е констатирано дека предметната локација на КП 414 и КП 415 КО Пржде во, не го загрозуваат културното добро археолошкиот локалитет Слатина (средновековен сакрален објект) со ЕМБ 4-813-026/92 ЕНД како и дека постапката за изработка на планска документација на КП 414 и КП 415 КО Пржде во може да продолжи.

Имајќи во предвид дека барањето за мислење се однесува на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на далновод до 35KV, во КО Тремник, општина Неготино, КО Пржедво, КО Бистренци, општина Демир Капија, ДЕЛ 3: од КП 303 до КП 2050/1 во КО Тремник, општина Неготино (со нов опфат) потребно е податоците кои се однесуваат на *урбанистички план за изградба на 33kV далновод, од локација на ТС110/35kV на КП 414, КП 415, КО Пржедво до локација на ТС во ФЕЦ Бистренци, во КО Пржедво, КО Бистеренци, КО Тремник, општина Демир Капија,* да се отстранат од планот.

Со почит,

Директор
Весела Честоева

Изработил: м-р А. Петковска 05.02.26

Проверил/Одобрил: м-р Б. Јовановска

05-02-2026

II.ПРОЕКТЕН ДЕЛ

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ДАЛНОВОД ДО 35KV, ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО, КО ПРЖДЕВО, КО БИСТРЕНЦИ, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ДЕЛ 3: ОД КП 303 ДО КП 2050/1 ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО со површина од 0.51ha

УРБАНИСТИЧКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

ВОВЕДЕН ДЕЛ

Општи информации

Овој Урбанистички проект е изработен согласно член 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и член 52, 59, 60 и 61 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/20) и Измената на Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25 и 241/25).

ПРОЕКТНАТА ПРОГРАМА и **Условите за планирање на просторот со тех.бр. Y22224** издадени со Решение со арх.бр. УП1-15 1551/2024 од 07.11.2024 год. **претставуваат основа за изготвување на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ДАЛНОВОД ДО 35KV, ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО,КО ПРЖДЕВО, КО БИСТРЕНЦИ, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА**
ДЕЛ 3: ОД КП 303 ДО КП 2050/1 ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО со површина од 0.51ha.

Проектниот опфат одобрен во Проектната програма за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на далновод до 35kV , во КО Тремник, општина Неготино, КО Прждево, КО Бистренци, општина Демир Капија, дел 3: од КП 303 до КП 2050/1 во КО Тремник, општина Неготино со технички број ПП-У-39/25 од октомври 2025 со Решение за одобрување од општина Неготино број 11-1035/3 од 29.10.2025 год е даден ориентационо заради усогласување на трасата со постојните и планираните инсталации од јавните претпријатија.

За предметниот проектен опфат нема изготвувано претходна урбанистичка документација и за таа цел се издадени Услови за планирање на просторот, издадени од Агенцијата за планирање на просторот, со тех.бр. Y22224 и Решение издадено од Министерството за животна средина и просторно планирање, со арх бр. УП1-15 1551/2024 од 07.11.2024 претставуваат **основа за изготвување на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ДАЛНОВОД ДО 35KV, ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО, КО ПРЖДЕВО, КО БИСТРЕНЦИ, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ДЕЛ 3: ОД КП 303 ДО КП 2050/1 ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО со површина од 0.51ha.**

Конфигурацијата на теренот заедно со урбанистичките стандарди и нормативи во планирањето на просторот како и насоките Условите за планирање во еден дел ја насочуваат концепцијата на разработката.

Документацијата ќе биде изработена во согласност новите и тековни законски прописи, правилници и регулативи т.е Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ. бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ. бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25 и 241/25). Сите поединечни елементи ќе содржат текстуален дел со билансни показатели за постојната и проектната состојба како и потребен број на графички прилози.

1.ПОВРШИНА И ОПИС НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ СО ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ СО ОПИС НА НЕГОВИТЕ ГРАНИЦИ И ПОВРШИНИ

Предметниот проектен опфат кој е тема на разработка се наоѓа на територијата на КО Тремник, на источниот дел од Општина Неготино на самата граница со Општина Демир Капија.

Проектниот опфат за изработка на Урбанистичко проектна документација е дефиниран согласно границите на катастарските парцели на КО Тремник, Општина Неготино.

Целокупниот проектен опфат за новопланираната траса е со :

Должината на предвидената траса **371.6 m^1**

Површина на проектен опфат **5 179.93 m^2**

Проектната документација треба да се изработи во размер М=1:1000.

Целта на изработката на УП-то е дефинирање траса за изградба на далековод до 35kV со основна класа на намена Е1.8 ИНФРАСТРУКТУРИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА – Водови на високонапонските далноводи, со почитување на Условите за планирање, потребата на Инвеститорот и согласно член 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25).

Намената е дефинирана согласно графичкиот прилог кој е дел од Правилникот за урбанистичко планирање.

1.2. Геодетско одредување на проектен опфат

Просторот кој е тема на разработка се наоѓа во територијата на Општина Неготино, односно во КО Тремник.

Проектниот опфат за изработка на Урбанистичко проектната документација е дефиниран согласно границите на:

- дел од КП 2050/1, дел од КП 300, дел од КП 301/1, дел од КП 301/2, дел од КП 301/3, дел од КП 303, **КО Тремник, Општина Неготино.**

Границата на извршената анализа на проектниот опфат е дадена и во графичкиот прилог.

Координати на проектниот опфат се:

X=7598630.9873	Y=4590884.8826
X=7598639.3000	Y=4590896.8300
X=7598628.6979	Y=4590902.1311
X=7598361.5098	Y=4590644.2149
X=7598367.0100	Y=4590641.2000
X=7598374.6727	Y=4590637.4626

2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА

Опфатот којшто е предмет на разработка се наоѓа во Општина Неготино и претставува дел 3 од вкупно 4 урбанистички проекти вон опфат на урбанистички план за изградба на подземен и надземен кабелски вод до 35 kV со кои се врши поврзување на ФЕЦ Бистренци со новопредвидената станица ТС 35/110 kV Демир Капија а кои поминуваат низ катастарски парцели во Општина Неготино и Општина Демир Капија, и за кои се добиени Услови за планирање на просторот Y22224, издадени со Решение со арх.бр. УП1-15 1551/2024 од 07.11.2024 година.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со "Просторниот план на Република Македонија".

Должина на вкупната планирана траса за која се добиваат Услови за планирање на просторот изнесува 3.8 km[1].

Површината на проектниот опфат за кој се добиени Услови за планирање на просторот изнесува 11.29 ha.

2.1. Извод од Услови за планирање на просторот

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Планираната траса се граничи со опфат на издадена Дополна на Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Бистренци, Општина Демир Капија, со тех.број Y14718i.

Предвидената траса на 35kV далновод поминува низ планирана акумулација Демир Капија согласно Просторниот план на Република Македонија. Во тек е изработка на Просторен план на Република Северна Македонија, во којшто се потврдува планираната акумулација. При понатамошна изработка на планско-проектната документација за предметната траса, неопходно е да се почитува законската регулатива од областа и да се земе во предвид планираната акумулација.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при поставување на планските концепции и решенија во сите области релевантни

за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

При изработка на документацијата треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Економски основи на просторниот развој

- Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.

- Изградбата на 35kV далновод во КО Тремник, Општина Неготино, КО Пржде во, КО Бистренци, Општина Демир Капија ќе биде во функција на развој на енергетскиот сектор.

- Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина на планскиот опфат.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

- Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во 6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.

- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од ШУ бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- За наводнување на обработливите површини во ВП „Среден Вардар“ изградени се системи за наводнување кои покриваат површина од 4390 ha, а има можности За наводнување на уште 15203 ha. При изработката На документацијата да се утврди местоположбата на постоечката и планираната инфраструктура за наводнување и соодветно на тоа да се предвидат мерки за нејзина заштита и непречено функционирање.

- Трасата на далноводот поминува преку река Вардар за која при изработката на документацијата треба да се предвиди заштита на речното корито, со цел да се избегнат несакани последици при појава на големи води.

Енергетика и енергетска инфраструктура

- Локацијата за изградба на 35kV далновод во КО Тремник, Општина Неготино, КО Прждево, КО Бистренци, Општина Демир Капија нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.

- За електроенергетските корисници потребно е да се обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

Урбанизација и мрежа на населби

- Иницијативата за изградба на далновод во КО Тремник, Општина Неготино, КО Прждево, КО Бистренци, Општина Демир Капија, ќе предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

- Изградбата на водот ќе обезбеди поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Р. Северна Македонија.

Домување

- Иницијативата за изградба на далновод во КО Тремник, Општина Неготино, КО Прждево, КО Бистренци, Општина Демир Капија, е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Р. Северна Македонија, со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот како негова основна клетка.

Јавни функции

- Иницијативата за изградба на далновод во КО Тремник, Општина Неготино, КО Прждево, КО Бистренци, Општина Демир Капија, е надвор од урбаниот опфат на населбите, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции (локации со намена образование, култура, здравство и спорт и рекреација) што значи дека се исклучени можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Индустрија

- Со планскиот и организиран начин на ширење на инфраструктурата и создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети во просторот околу општинските центри и во поширокиот рурален простор, се обезбедуваат основи врз кои може да се очекува да се остварува просторната разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија. Реализација на документацијата со намена 35kV далновод во КО Тремник, Општина Неготино, КО Прждево, КО Бистренци, Општина Демир Капија, ќе биде во функција на унапредување на енергетскиот сектор.

Сообраќајна инфраструктура

- Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

А1 - (Граница со Србија- ГП Табановци- Куманово- Велес- Неготино- Демир Капија- Гевгелија- граница со Грција- ГП Богородица и делница Градско-Прилеп- врска со А3).

- Релевантен регионален патен правец за предметната локација влегува во групата на регионални патишта "Р1" и е со ознака:

Р1102 - Скопје (Врска со А2- обиколница Скопје- Катлаково- Велес-Неготино- Демир Капија- Гевгелија- (врска со А1).

- При изработка на планската документација од аспект на безбедноста во Патниот сообраќај, да се почитуваат Законот за јавни патишта, законската регулатива во делот на “заштитната зона на патот“ согласно Законот за јавни патишта, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- Трасата за изградба на 35kV далновод во КО Тремник, Општина Неготино, КО Прждево, КО Бистренци, Општина Демир Капија, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.

- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

- Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот за изградба на 35kV далновод во КО Тремник, Општина Неготино, КО Прждево, КО Бистренци, Општина Демир Капија, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.

- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терен со вегетација и оградувања на нагибите.

- Озеленување на површините во непосредна близина на трасата (со автохтони видови), со цел да се добие разновиден и богат пејзаж во една просторно - естетска и функционална целина.

- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.

- Помошните и пратечките градежни објекти (магацински објекти за материјали, алати и гориво, и други помошни објекти), кои ќе се користат во фазата на поставување, треба да бидат лоцирани на поголеми растојанија од коритата на водотеците и површините под шуми, квалитетни земјоделски површини, населени места и заштитено и предложено за заштита природно наследство.

- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.

- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природно наследство

- Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот за изградба на 35kV далновод во КО Тремник, Општина Неготино, КО Пржде во, КО Бистренци, Општина Демир Капија, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

- Доколку при изработка на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија“, на подрачјето на катастарските општини Тремник, Пржде во и Бистренци има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.

- При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.

- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно- историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, Законот за заштита културното наследство и важечките законски и

Бидејќи се работи за проектен опфат со специфична намена односно Е1.8- Водови за пренос на електрична енергија, не се јавува потреба од изведба и приклучок на атмосферска канализациона мрежа.

НОВОПРОЕКТИРАНА СИТУАЦИЈА ЕЛ. ЕНЕРГЕТСКА ИНСТАЛАЦИЈА

Предмет на оваа проектна документација е изработка на урбанистички проект за изградба на до 35 kV ДВ од нова ТС x/35 kV ФЕЦ Бистринци до новата ТС 35/110 kV ФЕЦ Демир Капија. Трасата на предметниот далековод според релјефните карактеристики е ридчесто рамничарски, почетокот на трасата се наоѓа претежно во ридско подрачје додека потоа продолжува низ рамничарски предел на надморска

височина од 105 до 180 м.н.в. Подрачјето на проектираната траса се наоѓа северозападно од Општина Демир Капија и се наоѓа лево и десно од автопатот Неготино-Демир Капија.

Со оглед на планираната инсталирана моќност на ФЕЦ Бистринци предвиден е вод со спроводници 2x (3xACSR 150/25 mm2) поставени на 110 kV столбови.

Притоа:

• Сите столбови се двосистемски челично-решеткасти за номинален напон 110kV бидејќи не постојат двосистемски столбови за номинален напон 35kV за спроводници со пресек 150/25 mm2.

• Изолацијата е предвидена со изолаторски вериги за номинален напон 35kV со композитни изолатори (од вештачки материјал – силикон). Можен е избор на друг тип изолатори (капасти-стаклени).

• Заштитното јаже е предвидено од типот AA/ACS-119.1 (OPGW) со 24 оптички влакна. Можен е избор и на друг тип на OPGW заштитно јаже.

Во предметниот опфат за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ДАЛНОВОД ДО 35KV, ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО, КО ПРЖДЕВО, КО БИСТРЕНЦИ, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА, ДЕЛ 3: ОД КП 303 ДО КП 2050/1 ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО со површина од 0.51ha предвиден е надземен кабелски вод до 35 kV кој се води по катастарски парцели во Општина Неготино.

Почетна точка на водот е во парцелата КП 2050/1, КО Тремник Општина Неготино со координати: X=7598635.3376 Y=4590898.8112.

Крајна точка на водот е во парцелата КП 303, КО Тремник Општина Неготино со координати: X=7598367.9769 Y=4590640.7284.

Новопредвидениот електроенергетскиот вод ДВ до 35 kV ФЕЦ Бистренци – ТС 110/35 kV Пржедво започнува од столбот бр.1 лоциран на плацот од ФЕЦ Бистренци и во предметниот опфат на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ДАЛНОВОД ДО 35KV, ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО,КО ПРЖДЕВО, КО БИСТРЕНЦИ, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА, ДЕЛ 3: ОД КП 303 ДО КП 2050/1 ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО со површина од 0.51ha се движи во правец кон југозапад и преминува преку реката Вардар до столбот бр.11 од каде потоа продолжува да се движи во ист правец се до наредниот столб бр.12 во општина Демир Капија кој е во опфатот на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ДАЛНОВОД ДО 35KV, ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО,КО ПРЖДЕВО, КО БИСТРЕНЦИ, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА, ДЕЛ 2: ОД КП 1738 ДО КП 1 ВО КО ПРЖДЕВО, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА со површина од 0.97ha.

Изборот на столбови за водот е направен така што висината на најнискиот спроводник над теренот изнесува најмалку 7,0 m за состојба температура на спроводниците 80°C како и дополнително обезбедување резервна сигурносна висина поради издолжување на спроводниците.

На земјоделски површини на кои е можно наводнување со прскалки е обезбедена сигурносна висина од 8,0 m.

КАРАКТЕРИСТИКИ НА ДО 35kV ДАЛЕКОВОД

Новопланираниот приклучен вод до 35 kV ДВ кој е предмет на изработка на оваа проектна документација претставува дел 3 од вкупно 4 урбанистички проекти вон опфат на урбанистички план за изградба на подземен и надземен кабелски вод до 35 kV со кои се врши поврзување на ФЕЦ Бистренци со новопредвидената станица ТС 35/110 kV Демир Капија според условите во Студијата за приклучување на ФЕЦ Бистренци на преносната мрежа, изработена од АД „МЕПСО“ – Скопје, а кои поминуваат низ катастарски парцели во Општина Неготино и Општина Демир Капија

Новопланираниот приклучен вод до 35 kV ДВ кој е предмет на изработка на оваа проектна документација започнува од во парцелата КП 2050/1, КО Тремник Општина Неготино со координати: X=7598635.3376 Y=4590898.8112 преку столбот бр. 11 кој се наоѓа на координати X=7598471,4874 Y=4590740,6522 се до крајната точка на водот во овој проектен опфат во парцелата КП 303, КО Тремник Општина Неготино со координати: X=7598367.9769 Y=4590640.7284.

Координати на столбни места за Приклучниот до 35 kV ДВ:

	X	Y	
11	7598471,4874	4590740,6522	AD-150

Столбови и темели

За изградба на водот се предвидуваат челично-решеткасти двосистемски аголно-затезни столбови тип AD-150 или AD-120 и носечки столбови тип SD 110 kV. Избрани се наведените типови на столбови бидејќи нема челично-решеткасти двосистемски столбови за спроводници со пресек поголем од 95/15 mm^2.

Столбовите се од типот елка со кос распоред на проводниците, со врв за прифаќање на заштитно јаже. Столбовите се димензионирани за проводници ACSR 240/40 mm^2 и σ_{mv} = 9,0 daN/mm^2, како и заштитно јаже E-AlMg1/Fe 95/55 mm^2 и σ_{mz}=15,0 daN/mm^2.

За овој вод се предвидени спроводници тип 149-AL1/24-ST1A (ACSR 150/25 mm^2) со напрегање σ_m =9,0 daN/mm^2 - нормално, односно σ_m= 6,0 daN/mm^2 - намалено и заштитно јаже со 24 оптички влакна ACS-42-3,5 со напрегање σ_{mz}=24,0daN/mm^2 - нормално, односно σ_{mz} = 16,0 daN/mm^2 - намалено.

Челичната конструкција за столбовите треба да биде со соодветен квалитет на материјалот и заштитена од корозија со топло поцинкување. Дебелина на слојот цинк на претходно очистена површина до степен A Sa 2,5 треба да биде 610 g/m^2 или 85 μm.

Сите завртки и навртки за столбовите треба да имаат квалитет 8.8. До висина од 5 метри над теренот завртките и навртките треба да бидат со скршлива глава.

За столбовите се предвидени расчленети темели со марка на бетон МБ-30 со димензии во зависност од носивоста на земјиштето, према приложена спецификација од производителот и во согласност со доставен Геолошки и геомеханички Елаборат.

Изведувачот е должен да ги изработи темелите кои ќе одговараат на вистинската носивост на тлото, во согласност со доставен Геолошки и геомеханички Елаборат за секое столбно место. Горните делови од расчленетиот

темел на столбовите треба да се повисоки најмалку за 50 cm над теренот а горната површина треба да биде благо закосена и добро измазнета за да не се задржува вода.

За употребените типови столбови, производувачот дава типски решенија за изработка на темели. Тие се бетонски, расчленети. Овие типски решенија дадени се во зависност од условите на фундирање и носивост на тлото.

Врз основа на Геомеханички елаборат на теренот за секое столбно место ќе се одреди носивоста на тлото и ќе се примени соодветен тип на темел. Доколку вистинската носивост на тлото е еднаква на носивоста предвидена во Елаборатот, темелот може да се изведе. Во случај вистинската носивост на тлото да не соодветствува со носивоста предвидена во Елаборатот, изведувачот е должен да ги изработи темелите соодветни за вистинската носивост на тлото.

Спроводници

За фазните спроводниците на водот со проектната програма се предвидува алучелично јаже 149-AL1/24-ST1A (ACSR 150/25 mm^2). Максималната вредност на напрегањето (т.е. одбраната пресметковна вредност на хоризонталната компонента на напрегање) на спроводниците на температури -5ºC со з.д.т. и -20ºC без з.д.т. не смее да ги надмине вредностите на дозволеното нормално и исклучително напрегање.

Заштитно јаже и опрема за поврзување

За водот е предвидено заштитно јаже со 24 оптички влакна OPGW ACS-42-3,5 со вкупен пресек 42,4 mm^2. Максималната вредност на напрегањето (т.е. одбраната пресметковна вредност на хоризонталната компонента на напрегање) на јажето на температури -5ºC со з.д.т. и -20ºC без з.д.т. не смее да ги надмине вредностите на дозволеното нормално и исклучително напрегање.

За поврзување на оптичките влакна од заштитното јаже се предвидува специјална опрема (кутија за спојување на краевите од јажето) која вообичаено се монтира на аголно-затезните столбови на кои јажето е прекинато како и на првиот и последниот столб од далекуводот.

Изолација

За изолација на новопредвиденот надземен вод се предвидува основна изолација за номинален напон 35 kV со двојни носечки и двојни затезни изолаторски вериги со комбинирани стапести изолатори од вештачки материјал (силикон) од тип око-око.

При изработка на проектна документација во случај на вкрстување и доближување на далекуводи на МЕПСО треба да се почитуваат следните законски норми:

- **Закон за Енергетика Член 203 став 1 (Сл.Весник на РМ бр.96 од 8.05.2018год.)**:

"Не се дозволува изградба и изведување на други работи, засадување на растенија и дрвја на земјиште под, над и покрај енергетски објект, уреди и постројки, со кои се нарушува процесот на производство, пренесување и дистрибуција на енергија или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот".

- **Законот за Енергетика Член 204 став 1 (Сл.Весник на РМ бр.96 од 28.05.2018год.)**

"Сопственикот, односно корисникот на земјиштето е должен да дозволи привремен премин преку тоа земјиште за вршење премерснимање „проектирање и изведување на работи на одржување и реконструкција на енергетски објекти,како и за вршење на инспекциски надзор на објектите кои.се поставени на тоа земјиште.

- **Член 183 од Правилник за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV Службен весник на РМ, бр. 25/2019 од 1.2.2019год.**

Металните и жичени огради што се наоѓаат околу објекти, во кои задржуваат поголем број лица или служат за живеење не смеат да се поставуваат во близина на челични и армиранобетонски столбови. Нивната одалеченост мора да изнесува најмалку 0,7Un (cm),но не помалку од 20cm т,каде што Un е номинален напон (kV). За водови со номинален напон од 110kV и повеќе, потребно е засметување или мерење на индукуваните напони при нормален погон на далноводот. Ако индукуваниот напон спрема земјата е поголем од 65 V, треба да се преземат посебни мерки на заштита (заземјување,галванско одвојување на делови на оградата,замена на оградата и слично). Ако заштитата се врши со заземјување,отпорноста на заземјувањето не смее да биде поголемо од 25 Ω. Сигурносната оддалеченост на водот на металните и жичените огради изнесува 3,0m.

КОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Поради специфичноста на урбанистичко проектната документација за предметниот проектен опфат нема потреба од планирање на комуникациска инфраструктура. Согласно добиените податоци и информации од Агенција за електронски комуникации во близина на проектниот опфат нема инсталации во нивна сопственост.

Во кабелскиот ров опишан, паралелно над енергетските кабли на длабочина 1м треба да се положи едно единечно HDPE флексибилно црево со пресек Ø40мм (HDPEØ40) над трите едножилни среднонапонски кабли. Споевите на цревото (бројот и местоположбата) ќе бидат одредени од страна на стручни лица на инвеститорот при градба на водот.

УРБАНИСТИЧКО ПРОЕКТНО РЕШЕНИЕ НА СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ

Поради стецифичноста на намената на УП нема потреба од сообраќајни решенија. Согласно податоците добиени од Јавно претпријатие за државни патишта како и податоците добиени од Јавно претпријатие на железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија- Скопје предметниот опфат се вкрстува со магистралниот пат (автопат) А1 (М-1) и со регионалните патни правци Р1102 (Р-103) и Р2137 (Р-122) кои се во надлежност на ЈПДП како и со железничка пруга Велес-Гевгелија во надлежност на ЈП ЖРСМ Инфраструктура – Скопје кои не граничат со конкретниот предметен опфат на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ДАЛНОВОД ДО 35KV, ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО,КО ПРЖДЕВО, КО БИСТРЕНЦИ, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА, ДЕЛ 3: ОД КП 303 ДО КП 2050/1 ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО со површина од 0.51ha.

3. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

3.1 ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ КОИ ВАЖАТ ЗА ЦЕЛАТА ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И СЛУЖАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН

1. Општите и Посебните услови, текстуалниот дел, графичките прилози и табелите се составен дел на Планската документација на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ДАЛНОВОД ДО 35KV, ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО, КО ПРЖДЕВО, КО БИСТРЕНЦИ, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА, ДЕЛ 3: ОД КП 303 ДО КП 2050/1 ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО со површина од 0.51ha, и имаат правно дејство само врз градителска активност која ќе следи по стапување во сила на урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план.

2. Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите се применуваат во рамките на утврдената граница на планскиот опфат на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ДАЛНОВОД ДО 35KV, ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО, КО ПРЖДЕВО, КО БИСТРЕНЦИ, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА, ДЕЛ 3: ОД КП 303 ДО КП 2050/1 ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО со површина од 0.51ha, чии граници се опишани во Планската документација на урбанистичкиот план, а посебните услови се однесуваат на секоја градежна парцела поединечно.

3. Податоците кои се евидентирани на ажурираната геодетска подлога во Документационата основа на урбанистички план, се третираат како постојна состојба.

4. Изградбата на нови градби, како и изградбата на планирани сообраќајници и комунална инфраструктура и супраструктура ќе се изведува според важечката законска и подзаконска регулатива, одобрената техничка документација како и важечките технички прописи во урбанизмот и градежништвото, а во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25 и 241/25).

5. Во табеларниот приказ што е составен дел на нумеричките показатели и посебните услови за изградба, прикажани се следните податоци за градежната парцела:

- број на површина за градење;
- површина за градење ($м^2$);
- намена на земјиштето и градбите;
- макс. висина на градбата (м’);

Сите овие услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите се одредени согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25 и 241/25).

6. Со планот се одредени следните услови:

- облик и големина на градежна парцела (м²);
- градежни линии кои го дефинираат просторот во кој може да се гради;
- површина за градба во која може да се развие основата на објектот (м²);
- процент на изграденост (%);
- вкупна површина по катови (м²);
- коефициент на искористеност (к);
- намена на објектот;
- мах.висина на објектот од нулта кота на секој столб посебно-мах.висина (м');

7. Градежна линија претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбите може да се градат. Градежната линија го одредува просторот за градба и оддалеченоста на градбата од регулационата линија, линија на градежна парцела или пак од осовината на улицата на која се наслонува градежната парцела (од каде што се обезбедува пристап).

8. Површина за градење е планска одредба со која во урбанистички план се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење согласно член 102 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25 и 241/25).

9. Нултата кота од која се одредува максималната висина на далеководните столбови е на 0,5 м од теренската кота во тежиштето на хоризонталниот пресек на основата на столбот со теренот.

Максималната висина посебно за секој од столбовите на далеководот ќе се определи со изработката на основниот проект.

За изградба на трафостаницата нултата кота од која се одредува максималната висина до венецот на градбата е 0,3 м од котата на пристапниот тротоар.

Висината на градбата ќе се дефинира со изработка на Основниот проект и треба да биде прикажана во метри и број на катови.

10. Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост согласно член 114 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25 и 241/25).

11. Коефициентот на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажва интезитетот на изграденост на градежното земјиште согласно член 115 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25 и 241/25).

12. Со планската документација се одредени и следните услови:

- облик и големина на градежна парцела (м²);
- површина за градба со градежни линии кои го дефинираат просторот во кој може да се гради една или повеќе градби - комплекс од градби (м²);
- заштитни коридори на инфраструктурни водови - простор во кој не може да се гради.

13. Теренот ќе биде профилиран на начин со кој ќе се обезбедува истек на атмосферската вода кон пониската страна и целиот ќе биде посипан со кршен камен.

14. Доколку при изведување на земјаните работи за поставување на далновод до 35kV, се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културна историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на РМ 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнати градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство во смисла на член 129 од Законот.

15. Од аспект на одржлив степен на сеизмичка заштита при изградба на далноводот да се изврши геомеханичко испитување на носивоста на земјиштето.

16. Да се обезбеди заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

17. Услови од **Министерство за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина – Сектор води,** Известување со арх. бр. 11-4354/2 од 28.05.2024

Согласно дописот од Управа за животна средина – Сектор води при изработка на планската документација од аспект на заштита на водите, а во согласност со Законот за води (Сл. Весник на Република Македонија бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16), треба да бидат исполнети следните критериуми за заштита, одржување и уредување на површинските води и крајбрежните земјишта:

1. Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, забрането е, освен со дозвола или согласност изградба на постројки и објекти во заштитениот крајбрежен појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци;

2. Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци се забранува освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон:

. дасе менува правецот на водотекот;

. да се врши градба или зафат кои што би имале негативно влијание врз протокотна водотекот;

. да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите;

. да се сечат дрвја, грмушки и друга вегетација во речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите;

. да се вади чакал, песок и камен од корита и бреговите на површински водни тела за да не дојде до влошување на постојниот режим на водите и се предизвикуваат процеси на ерозија или оневозможува користењето на водите;

. да се изгради брана, насип или слична препрека која би имала негативно влијание на протокот на водотекот;

. да се фрлат отпаден материјал (комунален, индустриски и др.), земја, градежен шут, јаловина и слично;

. да се вршат други активности со кои се оштетуваат речните корита и бреговите на водотеците.

3. Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките.

4. Да се спроведат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции.

5. Пристапот до крајбрежниот појас на водотеците, езерата и акумулациите за спорт, рекреација и слични активности потребно е да биде слободен.

Доколку при реализацијата на урбанистичкиот проект, потребни се одредени измени на Идеен проект истото може да се смени во основниот проект во согласност со урбанистичките параметри од овој урбанистички проект и во согласност со законската регулатива од областа на градењето.

3.2 ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДБИТЕ ЗА СЕКОЈА УРБАНИСТИЧКА ЕДИНИЦА ЗА ПЛАНИРАЊЕ ЧИИШТО ГРАНИЦИ СЕ УТВРДЕНИ СО ПЛАНОТ

Предметниот простор со површина од (5 179,93 м2) претставува дел градежно неизграден простор, дел водена површина - река. Бидејќи проектната задача е со веќе однапред дефинирана цел и со дадени насоки од нарачателот, новопроектираната урбанистичка документација на проектниот опфат се проектира со дефинирана траса за инфраструктурен електричен вод и дефинирана класификација на намена.

Е1.8 Водови за пренос на електрична енергија.
Услови за изградба на објекти од прва категорија на градба.
Класификација на намена - Е 1.8 Водови за пренос на електрична енергија;

Површина на проектен опфат : 5 179,93 м2
Должината на предвидената траса 371.6 m^1

Новопланираниот приклучен вод до 35 kV ДВ потребно е да се изгради за поврзување на ТС x/35 kV ФЕЦ Бистренци со ТС 35/110 kV Демир Капија т.е. електроенергетскиот систем. Според Студијата за приклучување на Фотонапонската електрична централа Бистренци на преносна мрежа, изработена од „АД МЕПСО“ -Скопје, приклучувањето на ФЕЦ Бистренци е предвидено да се изврши на новопредвидената збирна трафостаница ТС 35/110 kV Демир Капија со изградба на до 35 kV далновод со должина од ≈4 km кој поминува низ катастарски парцели во Општина Неготино и Општина Демир Капија.

Во предметниот опфат за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ДАЛНОВОД ДО 35KV, ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО, КО ПРЖДЕВО, КО БИСТРЕНЦИ, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА, ДЕЛ 3: ОД КП 303 ДО КП 2050/1 ВО КО ТРЕМНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО со површина од 0.51ha предвиден е надземен кабелски вод до 35 kV.

Почетна точка на водот е во парцелата КП 2050/1, КО Тремник Општина Неготино со координати: X=7598635.3376 Y=4590898.8112.
Крајна точка на водот е во парцелата КП 303, КО Тремник Општина Неготино со координати: X=7598367.9769 Y=4590640.7284.

Доколку при реализација на УП се увидени можни археолошки заштитени добра, односот према нив треба да е согласно чл. 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник бр. бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

ГРАДЕЖНИ УСЛОВИ

Градежна парцела ГП 1.11

Градба: 1.11
Намена: Е1.8 – столбови на далновод
Објект: Столб 11
Површина за градба: 64 м2
Висина: макс 28,30 м

Посебни напомени:

• Согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија во просторот опфатен со заштитен појас на далноводот како и заштитните појаси на другите постојни електроенергетски инфраструктури кои минуваат низ проектниот опфат не смее да се гради.

• Согласно добиените податоци од **НУ Национален конзерваторски центар – Скопје** во *Извештај од извршен стручен увид на предметната локација за давање мислење за постоење на културно наследство на КП 414 и КП 415, КО Прждево, Општина Демир Капија* со арх. бр. 08-233/3 од 18.06.2024 год. врз основа на Барање мислење од страна на Управата за заштита на културно наследство (допис бр. 17-1671/2 од 10.05.2024 год.) констатирано е дека поставената граница на планскиот опфат за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 35kV далновод, во КО Тремник, Општина Неготино, КО Прждево, КО Бистренци, Општина Демир Капија, не го загрозува културното добро археолошкиот локалитет “Слатина” и постапката за изработка на предметната планска документација може да продолжи.

• Согласно добиеното Известување од **Министерство за животна средина и просторно планирање – Управа за животна средина – Сектор за природа** (допис бр. 11-4248/4 од 04.06.2024 година), како и согласно мислењето од Служба за просторно информативен систем со бр. 16-4248/3 од 30.05.2024 и

евиденцијата на природно наследство на територијата на Република Северна Македонија и Секторска Студија за заштита на природно наследство, изготвена за потребите на Просторниот план на Република Македонија (Сл. Весник на РМ бр.98/04), константитано е дека просторот на предметната планска документација се наоѓа надвор од границите на заштитните подрачја во Република Северна Македонија, Емералд подрачјата, како и идентификуваните Натура 2000 подрачја.

4. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

4.1 НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ВОДОВИТЕ И ГРАДБИТЕ НА СИТЕ ИНФРАСТРУКТУРИ

ОПИС	ДОЛЖИНА (m)	ПОЧЕТНИ КООРДИНАТИ	КРАЈНИ КООРДИНАТИ
ДАЛЕКОВОД НАДЗЕМЕН ВОД	371,6	X=7598635.3376 Y=4590898.8112	X=7598367.9769 Y=4590640.7284
ВКУПНО	371,6	X=7598635.3376 Y=4590898.8112	X=7598367.9769 Y=4590640.7284

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА					
ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНИ		ВИД НА ОБЈЕКТ	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА m²	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ	
Е1.8	ВОДОВИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА	СТОЛБОВИ НА НАДЗЕМЕН ДАЛНОВОД ДО 35KV	64,00	1,2	%
/	ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА ДАЛНОВОД	/	5.115,93	98,8	%
ПРОЕКТЕН ОПФАТ			5.179,93	100,00	%

Нумерација на површината за градба	Намена		Висина на столб до долна конзола	Макс. висина (m)	Катност	Површина на намена (m²)	Површина на градба (m²)	Бруто развиена површина (m²)	Процент на изграденост %	Коефициент на искористеност
1.11	Е 1.8	СТОЛБ 11	17,8	28,3	/	64	64	64	/	/
					ВКУПНО:	64	64	64		

4.2 СПОРЕДБЕНИ БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ДОКУМЕНТАЦИОНАТА И ПЛАНСКАТА ОСНОВА

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ - ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА			
БРОЈ	НАМЕНА НА ПОВРШИНА	ПОВРШИНА (м2)	ПРОЦЕНТ %
1	Неизградено земјиште	3957,90	76%
2	Водена површина	1222,03	24%
Вкупно (на опфат)		5179,93	100

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА					
ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНИ		ВИД НА ОБЈЕКТ	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА m²	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ	
Е1.8	ВОДОВИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА	СТОЛБОВИ НА НАДЗЕМЕН ДАЛНОВОД ДО 35KV	64,00	1,2	%
/	ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА ДАЛНОВОД	/	5.115,93	98,8	%
ПРОЕКТЕН ОПФАТ			5.179,93	100,00	%

5. МЕРКИ НА ЗАШТИТА

Согласно Законот за одбрана („Службен весник на РМ“ бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 251/15, 42/20), Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и. 215/21), Законот за пожарникарство („Службен весник на РМ“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и. 152/19) и Законот за управување со кризи („Службен весник на РМ“ бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16, 83/18, 215/21), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување. Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите и проектите како и при изградба на објекти и инфраструктура, а начинот на примена со Уредба го уредува Владата.

Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија. Природни непогоди се земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, снежни лавини, наноси, луњи, уривање на високи брани и насипи, суша, атмосферски и други непогоди.

Други несреќи се пожари, големи несреќи во патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај, несреќи во рудници, индустриски несреќи предизвикани од експлозии и други техничко-технолошки причини, паѓање на радиоактивни врнежи, прашини и талози, излевање на нафта и нафтени деривати, и други отровни хемикалии, експлозии на гасови, запалливи течности и гасови, како и други гориви материи кои со воздухот создаваат експлозивни смеси и други експлозивни материјали од поголем размер.

Дел од природните непогоди и другите несреќи можат да се јават и во границите на проектниот опфат.

5.1 УРБАНИСТИЧКО – ТЕХНИЧКИ МЕРКИ

5.1.1 ЗАСОЛНУВАЊЕ

Согласно Законот заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, 215/21) засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на други заштитни градби за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе се задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

5.1.2 ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ

При изработка на основниот проект да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди согласно Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, 215/21) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на

заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Согласно Законот заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, 215/21) засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на други заштитни градби за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката. Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе се задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

5.1.3 ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

- При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти), треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, 215/21), Законот за пожарникарство („Службен весник на РМ“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на РСМ“ бр. 152/19) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област. Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

5.1.4 ЗАШТИТА ОД НЕЕКСПЛОДИРАНИ УБОЈНИ И ДРУГИ ЕКСПЛОЗИВНИ СРЕДСТВА

Согласно Член 80 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 71/16, 106/16, 83/18, 215/21), заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена. Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

5.1.5 ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.

Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

5.1.6 ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ НЕСРЕЌИ

Заштитата и спасувањето од техничко-технолошките несреќи опфаќа преземање на превентивни и оперативни мерки во индустриските објекти, кои во производниот процес употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра. Превентивни мерки за заштита и спасување од техничко-технолошките несреќи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање, со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на индустриски објекти, редовно одржување на инсталациите и опремата, како и примена на прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа. Оперативни мерки за заштита и спасување од техничко-технолошките несреќи се активностите за спречување на настанување и намалување и отстранување на предизвиканите последици.

5.1.7. СПАСУВАЊЕ ОД СООБРАЌАЈНИ НЕСРЕЌИ

Спасувањето од сообраќајни несреќи опфаќа мерки и активности за спасување при настанати големи несреќи во патниот, железничкиот, воздушниот и водениот сообраќај во кои има поголем број повредени и загинати лица и/или е предизвикана голема штета. Оперативните мерки за спасување се активности за извидување, пронаоѓање и извлекување на повредените и загинати лица, укажување прва медицинска помош и транспорт до соодветните здравствени установи, како и учество при отстранување на последиците предизвикани од сообраќајните несреќи.

5.2 ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

При изработка на урбанистичка проектната документација, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, доколку е потребно да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања. Согласно Проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува урбанистичкиот план, а имајки ги предвид одредбите од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.

Исто така, при проектирањето, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи. („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/11), како и обврската при изградба на објекти да се изготвува техничка документација – елаборат за заштита

од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градење.

5.3 ЗАШТИТА ОД ЗАГАДУВАЊЕ

При издавањето на одобренијата за градење за новите објекти доколку е потребно ќе се бара изработка на Студија за влијанието врз животната средина и нема да биде дозволено изградба на објекти кои се загадувачи на животната средина и природата. Основен загадувач на просторот претставува постоењето на моторен сообраќај, кој и не е така голем. Имајќи ја оваа состојба во предвид, може да се изврши поделба на две основни групи на загадувања со дадени основни смерници и мерки за заштита на истите:

- аерозагадување и мерки за заштита
- загадување на почва и подземни води и мерки за заштита
- извори на бучава и мерки за заштита

5.4. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА

5.4.1.МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ

За аерозагадување може да се зборува доколку една или повеќе загадувачки материи се во таква количина и толку долго во воздухот што стануваат штетни за луѓето, животните и растенијата. Со сигурност не може да се одреди реалниот ефект и последици по средината, односно санитарната состојба на воздухот. Врз основа на карактерот на површини за градба, се оценува дека квалитетот на воздухот релативно задоволува и дека не постои изразито загадување со штетни материи на воздухот на предметната територијата.

Се препорачува да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии. Зелените површини во проектниот опфат да се уредат со автохтони видови со висок биоакумулативен капацитет за евентуално присутните загадувачки материи во воздухот и почвата.

Мерки и заштита од аерозагадување и зачувување на квалитетот на воздухот вградени во планот се:

- обезбедени се услови за ефикасно природно проветрување;
- подобрена е состојбата на зелените површини на локацијата;
- потребна е постојна контрола на загадувачите на атмосферата;
- користење на горива кои содржат помалку штетни состојки;
- контрола на загадувачите на атмосферата и донесување програми за отстранување на причините за загадувањето.

5.4.2. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КВАЛИТЕТОТ НА ПОЧВАТА

Контаминацијата на почвата со тешки метали, предизвикана од антропогените активности зазема доминантно место во урбанизираниот дел на општината. Контаминацијата на почвата со природно потекло е далеку послабо застапена и има минорно квантитативно значење.

Традиционалните методи за третман на контаминираните локалитети со тешки метали (измивање на контаминентите, нивна солидификација и друго) може да бидат направени in-situ, на самата локација, или ex-situ, преку отстранување на почвата и спроведување на третманот на друга локација.

Фиторемедијацијата е најповолна метода за отстранување, деградација или апсорбција на тешките метали во почвата преку правилен избор на растенија,

хиперакумулатори, на контаминираната површина. Најпримењувани механизми за фиторемедијација се ризофилтрација, фитоекстракција и фитостабилизација.

5.4.3. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД БУЧАВА

Бучавата претставува значаен фактор со неповолно влијание што поизразито се манифестира во последните децении како резултат на зголемен број на возила. Според меѓународните стандарди и нормативи нивото на бучавата дозволено во урбаното подрачје е до 60 децибели.

Секојдневната изложеност на населението на високо ниво на сообраќајна бучава, карактеристична за урбанизираните подрачја, има сериозен јавно – здравствен ризик и наметнува потреба од контрола на бучавата во раните фази од планирањето и уредувањето на просторот.

Во планскиот период треба да се стават во функција мерни места за следење на бучавата. Како краткорочен приоритет треба да се постави изработката на Програма за работа на државната односно локалните мрежи за мониторинг на бучавата. Во подрачја покрај магистрални патишта се поставуваат најмалку 10 репрезентативни мерни места кои треба да ја покријат целата зона на сообраќајницата и постојаните извори на бучава.

Смалување на бучавата од сообраќајот може да се направи на два начина:
-Спречување на бучава на самиот извор;
-Спречување на изложување на луѓето на бучава со лични заштитни средства.

5.5 ЗАШТИТА ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет до 8 степени по MCS скалата, потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите. Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

5.6 МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Во рамките на проектниот опфат нема заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.
Сепак, во склад со одредбите на Член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), ако во текот на изведувањето на градежни, земјоделски или други работи се дојде до археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, изведувачот на работите е должен веднаш, а најдоцна во рок од три дена:

1. Да го пријави откритието во смисла на членот 129 став (2) на горе цитираниот Закон;
2. Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап и
3. Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени.

5.7 ХУМАНИТАРНИ МЕРКИ

5.7.1 ЕВАКУАЦИЈА

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја. Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи. Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време. Евакуацијата на населението во друга општина не смее да доведе до нарушување во извршувањето на нејзините надлежности.

Општина на чие подрачје е сместено евакуираното население ги покрива трошоците за обезбедување на основните услови за живот (сместување, исхрана, здравствена заштита и образование), со тоа што надоместокот за направените трошоци се на товар на општината од која е евакуирано населението, односно на товар на Републиката.

5.7.2 ЗГРИЖУВАЊЕ НА НАСТРАДАНО И ЗАГРОЗЕНО НАСЕЛЕНИЕ

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење. Републиката и единиците на локалната самоуправа од кои се згрижува населението ги покриваат трошоците за сместување и обезбедување на основните услови за живот.

5.7.3 РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив. Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

5.7.4 ПРВА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

5.7.5 ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ЖИВОТНИ И ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО

